С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 16 **година XLVIII**

14 декември 2012 година

276.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2012 до 30.09.2012 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2012 до 30.09.2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 07.12.2012 година.

Број 08-7040/1
13.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.12.2012 година донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 30.09.2012 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 година до 30.09.2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6815/3
07.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р

277.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УЕ11, УБ56 помеѓу улици „Луј Пастер“ и „Камка Тоцинова“ КО Велес, плански период (2012-2017) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УЕ11, УБ56 помеѓу улици „Луј Пастер“ и „Камка Тоцинова“ КО Велес, плански период (2012-2017) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.12.2012 година.

Број 08-7040/2
13.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање - (Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.12.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт- Детален урбанистички план за дел од УЕ11 УБ56 помеѓу улици „Луј Пастер" и „Камка Тоцинова" КО Велес, плански период (2012-2017) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт - Детален урбанистички план за дел од УЕ11 УБ56 помеѓу улици „Луј Пастер" и „Камка Тоцинова" КО Велес, плански период (2012-2017) Општина Велес

По утврдувањето на Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од УЕ11 УБ56 помеѓу улици „Луј Пастер" и „Камка Тоцинова" КО Велес, плански период (2012-2017) Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6815/4
07.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

278.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за учество на Општина Велес при аплицирање на проект „Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на CO2-намалени климатски приомени"во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин" и ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес

Се објавува Одлуката за учество на Општина Велес при аплицирање на проект „Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на CO2 - намалени климатски приомени" во ОСУ Гимназија „ Кочо Рацин" и ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.12.2012 година.

Број 08-7040/3
13.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 07.12.2012 година, донесе

ОДЛУКА
за учество на Општина Велес при аплицирање на проект „Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на CO2 намалени климатски промени" во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин" и ССОУ „Димитрија Чуповски" - Велес

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес прифаќа да земе учество при аплицирање на проектот „Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на CO2 намалени климатски промени" во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин" и ССОУ „Димитрија Чуповски"- Велес.

Член 2

Општина Велес се вклучува како партнер во апликацијата за проектот „Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на CO2

CO2 намалени климатски промени“ во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ССОУ „Димитрија Чуповски“ заедно со Здружението за едукација, комуникација и консалтинг ОХО од Скопје.

Член 3

Општина Велес ја прифаќа целта на проектот „Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на CO2 намалени климатски промени“ во ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ССОУ „Димитрија Чуповски“ за намалување на емисијата на CO2 во воздухот, подигнување на свеста за заштеда на електричната енергија и штетното влијание на CO, како и едукација на населението за придобивките од преземањето на мерки за енергетска ефикасност.

Член 4

Општина Велес прифаќа да издвои 15.000 долари од вкупната сума за учество во проектот, во денарска противвредност врз основа на правилата за аплицирање.

Член 5

По одобрувањето на апликацијата од страна на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) финансиските средства за имплементација на проектот ќе бидат обезбедени од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и информатичка технологија во 2013 година.

Член 6

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за учество на Општина Велес при аплицирање на проект„Поставување на фотоволтаичен систем со номинална моќност 10.8 kw во ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Долно Оризари-Велес“ („Сл.гласник бр.11/12).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6815/5
07.12.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р

279.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за постапување со комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за постапување со комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.12.2012 година.

Број 08-7040/4
13.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 43, став 2 од Законот за управување со отпадот ("Сл. весник на РМ" бр. 68/04.....123/12), Правилникот за општите правила за постапување со комуналниот и со другите видови неопасен отпад ("Сл.весник на РМ" бр. 147/07), член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 07.12.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за постапување со комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад на територијата на Општина Велес

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се регулираат посебните правила за постапување со комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад на територијата на Општина Велес и тоа: собирањето, транспортирањето, селектирањето и отстранувањето на комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад, обврските на давателите и корисниците на услугите, како и мерките за спроведување на оваа Одлука.

Член 2

Одделни поими во оваа Одлука го имаат следното значење:

1.Постапување со отпадот е собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот, вклучувајќи го и надзорот над овие операции, како и мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето за време на работата на објектите и на инсталациите за отстранување на отпадот и грижата за него по престанокот на нивната работа.

2.Собирање на отпадот е збир од организирани дејности коишто опфаќаат постапки со коишто отпадот се подготвува за транспорт.

3.Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа да не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

4.Депонирање е операција за отстранување на отпадот на депониите.

5.Рециклирање на отпадот е добивање на суровини од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на супстанциите содржани во отпадот за нивна првична намена или за други намени, исклучувајќи директно користење на енергијата на отпадот.

6.Комунален отпад е отпадот што се создава од физички лица од домаќинствата (отпад од домаќинства) и комерцијалниот отпад.

7.Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на услужни, комерцијални, индустриски, занаетчиски, административни и слични дејности, кој според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

8.Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

9.Биоразградлив отпад е секој отпад што може да биде разграден со анаеробни (без присуство на кислород) или аеробни (со присуство на кислород) процеси на разградба, како што е отпадот од храна или градинарски отпад, хартија и картони.

10.Растителен отпад е отпад кој настанува со косење трева, сечење дрва, чистење троскот, лисја, отпад од градини, овоштарници, лозја и друг отпад од растително потекло, кој е погоден за компостирање.

11.Градежен шут е отпад од ископи, градилишта, од рушење, кршење на материјал и реконструкција на објекти и улици.

12.Инертен отпад е отпадот што е отпорен и не подлежи на никакви значителни физички, хемиски или биолошки трансформации, не се раствора, не согорува и не реагира на друг физички или хемиски начин, не се биоразградува, а отпадот и неговиот исцедок не влијаат на друга материја со којашто доаѓаат во допир, на начин што може да ја загрозат животната средина, животот и здравјето на луѓето.

13.Отпад од пакување е секое пакување или материјал за пакување што создавачот или поседувачот ги исфрла, има намера да ги исфрли или од него се бара да ги исфрли, освен остатоците од производство.

14.Габаритен отпад е цврст отпад, настанат во домаќинството, кој што и по неговото кршење (дробење), поради својот габарит не може да се собере во садовите за отпад и не може да се селектира од останатиот отпад и да се транспортира. Од габаритниот отпад се изземаат предмети за коишто се предвидува селективно собирање и се собира по систем на донесување на места определени за таа намена.

15.Опасен отпад е отпад што содржи супстанции кои имаат едно или повеќе опасни својства, како што се експлозивност, реактивност, запалливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина, вклучувајќи го и секој отпад што е измешан со опасен отпад.

16.Садови за отпад се стандардизирани садови (корпи, канти и контејнери) наменети за времено складирање на отпад наменет за собирање и транспортирање.

17.Создавач на отпад е правно или физичко лице кое што содава отпад како резултат на дејноста или активноста што ја врши и кое има отпад во свое владение.

II. ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Член 3

Услугите на собирање, транспортирање, селектирање и отстранување на комуналниот отпад од физичките лица, на комерцијалниот и на другите видови неопасен отпад од физичките и правните лица кои во текот на една календарска година создаваат до 150 тони/отпад (во понатамошниот текст: корисници на услугата), одржувањето и управувањето со комуналната депонија и со депонијата за земја, шут и друг отпаден градежен материјал во општината, ги врши исклучиво ЈКП “Дервен" (во понатамошниот текстдавателот на услугата).

Член 4

Услугата ќе се спроведува на територијата што го опфаќа подрачјето на Град Велес согласно Генералниот урбанистички план и населените места Башино Село, Долно и Горно Оризари, Чолошево и Дурутовец.

Во останатите населени места во општината, постапувањето со отпадот ќе се воведува последователно, согласно Планот за воведување на руралните средини на територијата на Општина Велес во системот на управување со отпад, утврден во Прилог 1 од оваа Одлука.

Член 5

При кратки прекини или ограничувања во вршење на услугата или пречки кај давателот на услугата (штрајкови или виша сила), корисниците на услугата немаат право на поврат на такса или надомест на штета.

Доколку прекинот или ограничувањето трае подолго од две седмици, по сопствено барање корисникот на услугата може да биде делумно ослободен од плаќање на таксата или плаќање на надоместокот за извршената услуга, од страна на давателот на услугата.

Давателот на услугата е должен по престанокот на пречките да ја изврши услугата во најкраток можен рок и да ја доведе животната средина во задоволителна состојба.

III. СОБИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

Член 6

Давателот на услугата е должен преку јавните гласила и сопствената web страна да ги извести сите корисници на услугите за начинот, временскиот распоред и местата за собирање и транспортирање на отпадот, наменет за отстранување.

Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугите за сите промени или пречки во извршување на услугата.

Општина Велес е должна сите правни и физички лица корисници на услугите да ги информира за законските обврски во постапувањето со отпадот и одлуките кои ги носи Советот на општината, на начин преку својата web страна и со подготовка на пропаганден материјал.

III.1 ВРЕМЕ НА СОБИРАЊЕ

Член 7

`Системот на собирање на отпад е оперативен шест дена во неделата, од понеделник до сабота.

Собирањето на отпадот во градот ќе се спроведува согласно Шемата за собирање и транспортирање на комунален и комерцијален отпад која е составен дел на Одлуката за воведување на ноќно собирање на комунален и комерцијален отпад на територијата на Општина Велес.

Во населените места утврдени во оваа Одлука, отпадот ќе се собира во временски период од 07:00 14:00 часот.

Времето на собирање и транспортирање на индустриски неопасниот отпад ќе биде регулирано во меѓусебен договор на корисниците и давателот на услугата.

III. 2 САДОВИ ЗА ОТПАД

Член 8

Од физичките лица/домаќинствата во индивидуално домување отпадот наменет за отстранување се собира во пластични канти за отпад со поклопец, во зелена боја, со волумен од 120 литри или 240 литри.

Во високите зони на град Велес, каде е оневозможен пристапот за возилата на давателот на услугата, утврдени во Прилог 2 од оваа Одлука, отпадот од физичките лица/домаќинствата се изнесува на времени собирни локации во цврсто подврзани вреќи.

Од колективните стамбени објекти отпадот се собира во контејнери од 5м3 и 1,1м3 во зелена или сива боја.

Член 9

Кантите за отпад од член 8 став 1 ги набавува општината, етапно по реони, со средства предвидени во Годишна програма за управување со отпад, усвоена од Советот на Општина Велес.

Доделување, евиденција и понатамошно постапување со кантите за отпад врши давателот на услугата.

Секое домаќинство во индивидуално домување ќе добие една канта за отпад со единствениот идентификационен број од сметката за комунални услуги, кој ќе биде впишан во регистерот на давателот на услугата воден за оваа намена.

Корисниците се должни да се грижат за исправноста, одржување на чистотата на кантата за отпад и да спречат појава на ширење непријатна миризба од истата.

Во случај на оштетување или губење на кантата за отпад, корисникот е должен во рок од еден месец да набави нова канта на свој трошок и да пријави кај давателот на услугата.

Член 10

Правните и физичките лица создавачи на комерцијален и индустриски наопасен отпад ќе добијат соодветен сад за отпад, по претходно склучен договор за собирање и транспортирање на комерцијален и/или индустриски неопасен отпад со давателот на услугата, во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски.

Давателот на услугата е должен да води евиденција за сите склучени договори.

Големината на садот ќе се определува во договор со корисникот и давателот на услугата, имајќи ги во превид количините на отпад кои се создаваат.

За садовите корисникот на услугата треба да обезбеди соодветно место на своето земјиште, запазувајќи ги насоките на давателот на услугата.

Член 11

Од колективните станбени објекти собирањето на отпадот се врши во контејнери од 5 м3 и 1,1м3.

Садовите за отпад ги набавува општината, со средства предвидени во Годишна програма за управување со отпад.

Давателот на услугата е должен да врши одржување, репарирање, поправка и фарбање на контејнерите за отпад по потреба, за да контејнерот ја врши функцијата и да не ја нагрдува околината.

Давателот на услугата е должен контејнерите да ги пере согласно временски распоред утврден во Прилог 3 од оваа Одлука, а по потреба и почесто и да спречи појава на ширење на непријатна миризба во урбаната средина од истите. За овие активности е должен да води уредна евиденција.

Член 12

Контејнерите од 5 м3 и 1,1м3 се поставуваат на јавна површина исклучиво за потребите на образовните институции, домаќинствата кои живеат во колективните станбени објекти и во трговско-деловно-станбено подрачје.

Општината е должна да обезбеди поставување на садовите за отпад на бетонирана непропусна подлога, која е подигната од останатата јавна површина. Во случај кога садот за отпад е поставен на бетонирана подлога на исто ниво со останатата јавна површина, општината е должна да изврши соодветно одбележување на локацијата на садовите со жолта боја.

III. 3 ИЗНЕСУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА ОТПАД

Член 13

Кантите за отпад од домаќинствата во индивидуално домување треба да бидат изнесени и донесени непосредно пред сопствените објекти на денот на собирање на отпадот. По празнењето кантите треба да се внесат во сопствените дворни површини/објекти во раните утрински часови.

Отпадот на времените собирни локации од член 8 став 2 се изнесува и остава исклучиво на денот на собирање на отпадот.

Член 14

При постапување со отпадот е забрането:

- полнење на контејнерите и кантите над дозволената тежина;

-во контејнерите и кантите за отпад да се остават течни и полутечни материи (бои, лакови, масла, киселини и отпадни води), жар и пепел, трупови и остатоци од животни, електрични батерии и акумулатори, автомобилски гуми, отпад од кланици, месарници и рибарници, градинарски отпад и растителен отпад (вклучувајќи и отпад од гробишта), градежен шут и друг вид на опасен отпад;

-оставање на било каков друг отпад покрај садовите за отпад, освен на спакуван растителен отпад;

-оштетување и палење на садовите за отпад;

-оставање на отпад во и до украсните корпи за отпадоци од трговските дуќани и од домаќинствата;

-оставање на градежен шут и друг вид на инертен отпад на јавна површина и отворени простори на јавните објекти, во време на вршење на градежни активности, освен на оформена градежна парцела и

-самоволно пренесување и прелоцирање на контејнерите.

IV. ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

Член 15

Давателот на услугата е должен при собирањето и транспортирањето на отпадот да води грижа отпадот да не се растура, да не се крева прав и да не се создава прекумерна бучава.

Ако при утовар или истовар во возилото за собирање на отпад дојде до растурање на отпадот, вработените лица од давателот на услугата се должни истиот веднаш да го исчистат, а садовите да ги вратат на место предвидено за таа намена.

Индустриски неопасниот отпад задолжително се транспортира со издаден идентификационен и транспортен формулар.

V. СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

Член 16

Општината ќе определи локации за селектиран отпад и ќе постави соодветна опрема.

Физичките или правните лица по систем на донесување до локациите ќе можат да го остават селектираниот отпад по фракции.

Отпадот транспортиран на комуналната депонија ќе биде подложен на селекција. Начинот на селектирање и набавка на опремата за селекција е должност на давателот на услугата.

Понатамошно постапување со селектираниот отпад ќе врши давателот на услугата.

VI. ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОСЕБНИ ВИДОВИ НЕОПАСЕН ОТПАД

VI. 1 ПОСТАПУВАЊЕ СО ИНЕРТЕН ОТПАД (ГРАДЕЖЕН ШУТ)

Член 17

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни, занаетчиски и други работи создаваат инертен отпад (градежен шут) кој нема својство на комунален отпад, се должни сами да го соберат и да го транспортираат отпадот на депонијата за земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес.

Правните и физичките лица се должни да поседуваат доказ дека градежниот шут и другиот инертен отпад што е создаден во текот на изведување на активностите го предале во депонијата.

VI. 2 ПОСТАПУВАЊЕ СО ГАБАРИТЕН ОТПАД

Член 18

Давателот на услугата е должен еднаш годишно во пролетниот период да организира акција за собирање на габаритен отпад од корисниците на услугата. Начинот на собирање на отпадот и информирањето на корисниците ќе го утврди давателот на услугата.

Собраниот габаритен отпад ќе биде претходно третиран и отстранет на комуналната депонија на обележана локација за габаритен отпад.

VI. 3 ПОСТАПУВАЊЕ СО РАСТИТЕЛЕН ОТПАД

Член 19

Корисниците на услугата се должни да го соберат растителниот отпад во подврзани или затворени пластични црни вреќи или во врзани снопови и да го остават до садовите за отпад, исклучиво во деновите на собирањето на отпадот.

Собирањето и транспортирањето на отпадот го врши давателот на услугата.

Целокупниот собран растителен отпад ќе се третира на посебно определен начин на комуналната депонија, а добиениот компост ќе се користи за наѓубрување на зелените површини во општината.

VI. 4 ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Член 20

Постапувањето со отпад од пакување ќе биде регулирано со посебна Одлука.

VII. ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАДОТ

Член 21

Комуналниот, комерцијалниот и индустриски неопасниот отпад се отстранува/депонира на општинската комунална депонија.

Давателот на услугата има исклучително право на управување со комуналната депонија и со селектираниот отпад.

На депонијата не е дозволен влез на надворешни лица, освен контролирано влегување и излегување на возила и вработени лица во ЈКП, како и овластени лица од страна на ЈКП "Дервен".

Начинот на управувањето со депонијата и со отстранетиот отпад ќе се врши согласно со законските прописи за управување со отпад.

Член 22

Депонирањето на отпадот ќе се врши во слоеви. После слој од 30-50 см во висина, ќе се постила слој од земја во висина од 30-50см.

Депонијата во континуитет уредно ќе се одржува, ќе се превземат активности за спречување на несоодветно постапување со отпадот и нејзино палење.

На депонијата ќе се превземат сите мерки за справување со пожари.

На депонијата локацијата за отстранувањето на комуналниот отпад механички ќе се одели од локацијата за отстранување на индустриски неопасниот отпад.

Локацијата за индустриски неопасен отпад ќе се подели во парцели, по одделни видови на индустриски неопасен отпад кој ќе се депонира. По исполнување на локацијата, истата пред да се затвори ќе се зарамни, ќе се покрие со слој од земја, по што ќе се определи и означи нова локација за дадениот вид на индустриски неопасен отпад.

Член 23

На депонијата од член 21 е забрането депонирање на:

-течен отпад;

-отпад кој во условите на депонијата е експлозивен, корозивен, оксидирачки, запаллив;

-медицински отпад и отпад кој потекнува од ветеринарни установи;

-отпад настанат како резултат на научно истражување, а неговите својства можат да ја загрозат животната средина, животот и здравјето на луѓето;

-цели искористени гуми;

-отпад измешан со други супстанци и

-отпад со висок процент на биоразградливост.

VIII. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Член 24

Инспекциски надзор над примената на оваа Одлука вршат овластениот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина, секој во својот делокруг на надлежноста.

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Одредбите од оваа Одлука не се однесуваат на радиоактивен отпад, отпад создаден при преработка на минерални суровини, отпадните води, животински отпад што може да се користи во земјоделството, деактивирани распрскувачки средства и материи и опасен отпад, вклучувајчи го и медицинскиот отпад.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а одредбите од член 9, член 11 став 2 и член 16 ќе се преименуваат од 01.01.2014 година.

Број 07-6815/6
07.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р

280.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2012/2013 година

Се објавува Одлуката избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2012/2013 година (Извештај од работата на Комисијата), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.12.2012 година.

Број 08-7040/5
13.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11 и 12/12) а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.12.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2012/2013 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2012/2013 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За ученици стипендијанти за учебната 2012/2013 година се избираат:

Бр.	Име и презиме	година	Училиште
1	Викторија Петревска	во III-та	СОУ„Гимназија Кочо Рацин“
2.	Костадин Петров	во IV-та	СОУ„Гимназија Кочо Рацин“
3.	Дејан Пепелашев	во IV-та	СОУ„Јовче Тесличков“
4.	Александра Гочева	во IV-та	ССОУ„Димитрија Чуповски“
5.	Стефан Тутунџиев	во III-та	СОУ„Јовче Тесличков“
6.	Катерина Пушева	во IV-та	ССОУ„Димитрија Чуповски“
7.	Росана Наумова	во III-та	ССОУ„Димитрија Чуповски“
8.	Катерина Христова	во IV-та	СОУ„Гимназија Кочо Рацин“

2.За студенти стипендијанти за учебната 2012/2013 година се избираат :

Бр.	Име и презиме	запишан семестар	Факултет
1.	Страхил Тодоров	петти	Универзитет „Гоце Делчев“ Штип -Факултет по медицински науки
2.	Владимир Илиевски	четврти	факултет за информатички науки и компјутерскио инжинерство
3.	Кристијан Ефремов	седми	ФОН Скопје - Факултет за информациско-комуникациски технологии
4.	Мирсада Исмаил	петти	Св.„Климент Охридски“ Битола–Технолошко-технички факултет
5.	Александра Тодорова	петти	Универзитет „Гоце Делчев“Штип -Факултет по медицински науки
6.	Лидија Лазовска	петти	Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ –Дизајн и технологија на мебел-
7.	Суреја Малик	петти	Универзитет „Гоце Делчев“ Штип -Фаултет. по медицински науки

Член 2

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2012/2013 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2012/2013 година.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес, и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година.

Член 4

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија по потпишувањето на договорот.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес со секој од стипендијантите да склучи посебен договор во кој ќе бидат регулирани начинот на исплата на стипендијата како и другите права и обврски што стипендијантите ги имаат кон Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

Член 6

Наративниот извештај на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-6815/7
07.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р

281.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 07.12.2012 година.

Број 08-7040/6
13.12.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.12.2012 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6815/8
07.12.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 Закон за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ 5/2002), член 89 од Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.17/11, 53/11и144/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 07.12.2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2013 година

I Вовед

I.I Општ дел

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.17/2011, 53/11 и 144/12), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

I.II Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Велес, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2012 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште, потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Со оваа програма се опфатени следниве локалитети:

1.ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59. одлука бр.0701-4673/6 од 19.12.2006 година

2.ДУП Локалитет „Касарна“ опфат 3 УЕ7 блок 42. одлука бр.07-5278/2 од 01.11.2010 година

3.ДУП изменување и дополнување на централно градско подрачје на Град Велес локалитет Б одлука бр.0701-2947/4 од 05.11.2002 година.

4.Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост одлука бр.0701-2095/2 од 16.05.2007 година.

5. Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ1 блок 1 Езеро Младост одлука бр.0701-700/8 од 14.02.2007 година.

6. ДУП дел од „Тунел 2“ Одлука бр.0701-1248/13 од 27.03.2007 година

I.III Основи за изработка на Програмата

-Законски основ

Законски основ на програмата за управување со градежно земјиште се: Закон за локалната самоуправа член 36 став 1 („Сл. Весник на РМ“ 5/2002), член 89 од Закон за градежното земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.17/2011, 53/11и144/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10)

-Основни плански документи

Други документи потребни кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

